# SYNLAB AG

## Постапка за поплаки од добавувачи

# Постапка за поплаки од добавувачи на SYNLAB AG

## I. Постапка за поплаки од добавувачи

### Заштита од одмазда и забрана за злоупотреба

SYNLAB е посветена на политиката на неодмаздување. Затоа, вие и сите трети лица на кои им е доделена заштита со важечките закони, не треба да се плашите од какви било негативни последици од дискриминаторска или дисциплинска природа за поднесување пријава или покренување прашања, сомнежи и грижи. Не толерираме никакви закани, штетно однесување или акти на одмазда. Таквото однесување значи прекршок на нашите вредноси и може да резултира во дисциплинска постапка.

Оваа политика на неодмаздување се применува и ако не сте сосема сигурни за фактите под услов да постапувате со добра волја. Постапување со добра волја значи дека имате разумна основа да се сомневате дека пријавените информации се точни во околностите во кои се наоѓате.

Сепак, намерното злоупотреба на системот за пријавување од Постапката за поплаки од добавувачи за навредлива практика (т.е. поднесување извештаи со лоша намера) е строго забранета. Секој што свесно пријавува неточни информации не е заштитен со нашата Постапка за поплаки од добавувачи и може да се соочи со договорни, кривични и граѓански санкции.

### Доверливост и анонимност

Доверливоста на пријавувањето, како и обвинетите лица и други трети лица споменати во нивните пријави ќе се почитува колку што може најмногу.

Нашиот систем за пријавување има можност за анонимни пријави до онаа мера до која тоа е дозолено со применливите закони и одредби, конкретно со применливите закони и одредби за заштита на лични податоци и трудова заштита. Освен тоа, постои можност улогата како лице кое пријавува или обвинето лице или некое трето лице може да биде воочлива за другите во текот на подоцнежната истрага. Во секој случај, SYNLAB ќе направи напори да го чува во тајност вашиот идентитет и вашите пријави освен ако:

- Сте дале согласност;
- Е потребно обелоденување заради исполнување на законска обврска на која подлежи SYNLAB;
- Е потребно обелоденување за SYNLAB ефективно да ја истражи пријавата и да преземе соодветни мерки;
- Е потребно обелоденување на органите за спроведување на законот или обелоденувањето го врши SYNLAB како дел од соработката со органите за спроведување на законот.

Ве молиме имајте предвид дека истражувањето на вашата пријава и решавањето на вашите грижи обично е олеснето доколку не ја поднесете пријавата анонимно и можеме да ве контактираме во случај на какви било прашања.

Постапка за пријавување и контрола

Ве охрабруваме во секое време да поднесувате пријави во случај на сомнеж за нерегуларности, загрижувања и какo било други сомненија.

Кога поднесувате пријава, поднесете опис на вашата пријава. Ве молиме имајте предвид дека колку повеќе информации давате, толку подобро ќе можеме да ги разбереме и да ги истражиме пријавените информации. Затоа, ве молиме поднесете ги сите релевантни информации за спорните факти, вклучително и за луѓето вклучени и релевантните заднински информации, како и приложените документи и други докази кои може да се од помош при истражувањето на вашата пријава.

При поднесувањето на информацијата, можете слободно да изберете дали сакате да го обелодените вашиот идентитет или да останете анонимни, под услов тоа да е дозволено со применливи закони.

Ако сакате да поднесете пријава, можете да го сторите тоа лично, преку телефон, е-пошта или обична пошта преку некој од следните канали:

- Можете да ја поднесете пријавата со контактирање на вашето контакт-лице во SYNLAB.
- Можете да изберете да поднесете пријава на кој било јазик по е-пошта или преку регионалните телефонски линии, како што е утвдено во следните делови. Е-адресата и регионалните телефонски броеви се управувани од адвокатската фирма Hogan Lovells International LLP.

По прием на пријавата ќе бидат информирани лицата надлежни за разгледување на пријавата. Ќе ве известат и ќе ве информираат за статусот на разгледување на вашата пријава во согласност со применливите закони. Лицата надлежни за разгледување на пријавата може да ве контактираат со дополнителни прашања или да ја дискутираат вашата пријава подетално.

Пријавување преку е-пошта

Како што е утврдено погоре, можете да пријавите на кој било јазик на следната е-адреса: SYNLAB-Compliance@hoganlovells.com.

Пријавување преку телефон

Ако сакате да пријавите преку телефон, можете да го сторите тоа на еден од регионалните телефонски броеви на јазиците дадени подолу:

| **Земја** | **Телефонски број** |
|---|---|
| Австрија (германски/англиски) | +49 8929012812 |
| Белорусија (руски/белоруски/англиски**)** | +7 495 933 81 21 |

| | |
|---|---|
| Белгија (француски/англиски) | +33 153672367 |
| Бразил (португалски/англиски) | +55 0800 009 0016 |
| Колумбија (шпански/англиски) | +525 550910291 |
| Хрватска (хрватски/англиски) | +385 (0)1 2100 800 |
| Еквадор (шпански/англиски) | +525 550910291 |
| Франција (француски/англиски) | +33 153672367 |
| Германија (германски/англиски) | +49 8929012812 |
| Гана (англиски) | +49 8929012812 |
| Ирска (англиски) | +49 8929012812 |
| Италија (италијански/англиски) | +39 02720252250 |
| Мексико (шпански/англиски) | +525 550910291 |
| Нигерија (англиски) | +49 8929012812 |
| Панама (шпански/англиски) | +525 550910291 |
| Перу (шпански/англиски) | +525 550910291 |
| Полска (полски/англиски) | +48 225298650 |
| Шпанија (шпански/англиски) | +34 91 349 8045 |
| Швајцарија (германски/англиски) | +49 8929012812 |
| Обединети Арапски Емирати (арапски/англиски) | +971 4 3779 330 |
| Обединето Кралство (англиски) | +49 8929012812 |

## Заштита на лични податоци

SYNLAB придава големо значење на заштитата и приватноста на податоците, како и на барањата за безбедност на податоците. Затоа се придржуваме кон важечките закони и регулативи за заштита на податоците како минимален стандард, особено во врска со функцијата на Постапка за поплаки од добавувачи.

## Информирање лица кои се предмет на Постапката за поплаки од добавувачи

SYNLAB ќе ги информира обвинетите лица чие однесување е пријавено по добивањето на соодветната поплака во согласност со важечките закони и прописи за заштита на податоците.

Обвинетите лица генерално ќе бидат информирани за наводните факти и за лицето задолжено за постапување со пријавата во рок од еден (1) месец.

Меѓутоа, кога таквите информации може да ја загрозат ефективноста на истрагата, заштитата на доказите или процесот на пријавување, мора да се обезбедат само ако и кога тие ризици повеќе не постојат. За ова е потребна анализа во зависност од случајот.

Во секој случај, идентитетот на лицето што пријавува нема да биде обелоденет освен ако е неопходно за усогласување со законската обврска на која подлежи SYNLAB или

за други легитимни цели и дополнително е дозволено со важечките закони и прописи за заштита на податоци и работни односи.

Чување евиденција

Записите од вашите пријави и поврзаните истраги ќе се чуваат во согласност со важечките закони сè додека тоа е неопходно за постигнување на легитимните цели на SYNLAB, вклучително и воспоставување, остварување или одбрана на правни барања или за да се обезбеди усогласеност со законските обврски на кои подлежи SYNLAB. Записите ќе бидат избришани во согласност со применливите закони и одредби за заштита на лични податоци освен ако не е потребно натамошно чување врз основа на закон.

Во согласност со ова, записите што се однесуваат на нерешени спорови или истраги не се бришат сè додека чувањето податоци е неопходно за постигнување на целите на таквата постапка. Во такви случаи, информациите ќе се чуваат додека трае соодветниот спор или истрага или подолго, доколку тоа е потребно и дозволено според важечките закони и прописи за заштита на податоците.

Личните податоци во пријавите надвор од опсегот на овој Кодекс на однесување на добавувачи, како и личните податоци кои се однесуваат на пријави за кои е утврдено дека се неосновани, ќе бидат веднаш избришани во согласност со важечките закони и прописи.

[Потпис]

Матје Флореани

Главен извршен директор

Везија 1.0: Декември 2021 година